ЈКП „КОМУНАЛЕЦ" П.О.
бр. 0401-176/6-2
27.05 2025 год.

Врз основ на член 14 став (1) и став (3), член 22 и член 23 од Законот за работните односи („Сл.весник на РМ" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23), член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Сл.весник на РСМ" бр.143/19, 14/20), член 37-м од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Сл.весник на РСМ" бр.275/19, 89/22, 274/22) и член 19 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекција за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирање за даватели на јавни услуги и помошно-технички лица бр.0202-240/3 од 16.07.2019 година, Директорот на ЈКП „Комуналец" - Свети Николе ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по пат на јавен оглас за пополнување на слободно работно место на неопределено работно време**

1. За извршител на работите на работното место под реден број 2 – Комунален хигиеничар во Одделение за собирање, транспорт и депонирање на отпад со шифра КДР 03 05 В02 006 се избира кандидатот:
   - **Јовица Иванов**
2. Кандидатот се вработува на неопределено работно време со полно работно време и ќе отпочне со работа во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈКП „Комуналец" - Свети Николе објави јавен оглас заведен под бр.1/2025 на интернет страницата на јавното претпријатие и во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Со решение бр.0401-175 од 08.05.2025 година, формирана е комисија за селекција за постапка за вработување, која ја спроведе постапката за селекција.

По спроведената постапка, комисијата за селекција изготви Записник од административна селекција бр.0401-176/3-1 од 27.05.2025 година и Записник од интервју бр.0401-176/4-1 од 27.05.2025 година, како и Конечна ранг листа од пријавените кандидати кои ги поминаа сите фази од постапката за селекција бр.0401-176/5-2 од 27.05.2025 година по јавниот оглас бр.1/2025.

Врз основа на конечната ранг листа од пријавените кандидати за работното место под реден број 2 – Комунален хигиеничар во Одделение за собирање, транспорт и депонирање на отпад со шифра КДР 03 05 В02 006 се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Управниот одбор на претпријатието во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

Доставено до:
- Кандидатите
- Архива

ЈКП „Комуналец" – Свети Николе
Директор,
Зоран Јорданов